Уп. Бр. 08-83/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД, со седиште на Сона Енклејв, Вилиџ Бегумпур Кхатола, Сектор 35, Гуруграм, Харјана 122004, Индија, Дарко Тасовац, со живеалиште на Булевар Зорана Џинџича 205/13,Белград Србија, Вељко Михајловиќ, *со* живеалиште на Војводе Богдана 30/9, Белград, Србија и Веселин Бранковиќ, *со* живеалиште на Бацванска 21, Белград Србија, преку Јасмина Илиева Јовановиќ адвокат од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден **14.07.2023** година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД, со седиште на Сона Енклејв, Вилиџ Бегумпур Кхатола, Сектор 35, Гуруграм, Харјана 122004, Индија, Дарко Тасовац, со живеалиште на Булевар Зорана Џинџича 205/13,Белград, Србија, Вељко Михајловиќ, *со* живеалиште на Војводе Богдана 30/9, Белград, Србија и Веселин Бранковиќ, *со* живеалиште на Бацванска 21, Белград, Србија ќе стекнат заедничка контрола над НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА, со седиште на ул. Вељка Дугошевиќа 54, Белград, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 13.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН

ФОРГИНГС ЛИМИТЕД, со седиште на Сона Енклејв, Вилиџ Бегумпур Кхатола, Сектор 35, Гуруграм, Харјана 122004, Индија, Дарко Тасовац, со живеалиште на Булевар Зорана Џинџича 205/13,Белград, Србија, Вељко Михајловиќ, *со* живеалиште на Војводе Богдана 30/9, Белград, Србија и Веселин Бранковиќ, *со* живеалиште на Бацванска 21, Белград Србија**,** со која СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД, Дарко Тасовац, Србија, Вељко Михајловиќ, Србија и Веселин Бранковиќ, Србија, **ќе стекнат заедничка контрола над** НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА, со седиште на ул. Вељка Дугошевиќа 54, Белград, Република Србија.

Сегашните сопственици на НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА, Дарко Тасовац, Србија, Вељко Михајловиќ, Србија и Веселин Бранковиќ, Србија, ќе задржат вкупен удел од 46% од капиталот на НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА. Трансакцијата крајно ќе резултира со заедничка контрола помеѓу СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД и Малцинските Содружници (Дарко Тасовац, Србија, Вељко Михајловиќ, Србија и Веселин Бранковиќ, Србија,)

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

## Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД** е производител на автомобилски системи и компоненти и обезбедувач на решенија за автомобилска технологија активен на светско ниво. СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД и неговата корпоративна групација на компании („Групација на Стекнувач“) спроведуваат различни активности во автомобилскиот сектор како што се дизајн, производство, продажба и маркетинг на прецизно ковани запчаници, диференцијални склопови, автомобилски системи, мотори, контролери и други апликации.

Групацијата на Стекнувачот е присутна во Индија, Хонгконг, САД, Мексико и Кина.

Ниту СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД , ниту било кој член на неговата корпоративна групација нема присуство во Северна Македонија, ниту врши продажба или други активности на кој било македонски пазар.

**Малцинските Содружници** поседуваат и еднакви удели во компанијата СЌУАРЕ ЦОИН д.о.о. Белград (*SQUARE COIN d.o.o. Beograd*) чии деловни активност и регистриран обем на деловни услуги се од областа на компјутерското програмирање.

СЌУАРЕ ЦОИН д.о.о. нема деловни активности во Северна Македонија.

**НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА** и неговата групација дејствуваат на полето на производство на “mmWave” радарски сензори и други дополнителни решенија во секторот на радари, како што се радарски платформи и “ADAS” (*Advanced driver-assistance systems*) решенија.

НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА има седиште во Србија и е мајка компанија на неколку зависни друштва во ЈИЕ („Групација на Целно Друштво“). Групацијата на Целното Друштво ги нуди своите операции и услуги во Србија, ЈИЕ како и во светот.

НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА има едно  зависно друштво основано во Северна Македонија - Друштво за компјутерско програмирање НОВЕЛИЦ ЕСЦ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Партизански одреди бр.63, Скопје.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата  вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**